# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

**02 октомври 2023 | Излегува по потреба | Година XVIII | број 15**



Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ -**
**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈКП**
**''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-7505/1**
**од 29 септември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Предлог-Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година, бр.01-138/1 од 24.08.2023 година, предложен од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со одлука бр.02-139/3 од 25.08.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на триесет и втората седница одржана на 28 септември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ -**
**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈКП**
**"ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година, бр.01-138/1 од 24.08.2023 година, предложен од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со одлука бр.02-139/3 од 25.08.2023 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Се задолжува в.д.директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, по влегување во сила на оваа одлука, да го донесе Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година и во законски определениот рок да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-7224/3**
**од 28 септември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-7505/2**
**од 29 септември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20, 95/20 и 302/20), а во врска со член 142-а од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложениот (изменет и дополнет) Годишен план за вработување на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година, бр.01-290/1 од 20.07.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на триесет и втората седница одржана на 28 септември 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Предлог - Годишниот план за вработување на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година, бр.01-290/1 од 20.07.2023 година (одлука за изменување и дополнување бр.02-356/4 од 19.09.2023 година), изготвен и предложен од директорот на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 3

Се задолжува директорот на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, по влегување во сила на оваа одлука, да го донесе Годишниот план за вработување на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година и да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-7224/4**
**од 28 септември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НЕПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА, ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ОПШТИНА ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО**

1. Се објавува Одлуката за неприфаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чешиново - Облешево, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-7505/3**
**од 29 септември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 7 од Законот за меѓуопштинска соработка (''Службен весник на РМ'' бр.79/09), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на Општина Чешиново - Облешево за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Чешиново - Облешево и Општина Гази Баба, бр.08-7031/1 од 13.09.2023 година, со прилог мислење од Градоначалник на Општина Гази Баба, бр.08-7031/2 од 15.09.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на триесет и втората седница одржана на 28 септември 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА НЕПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА, ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ОПШТИНА ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба не го прифаќа предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Чешиново - Облешево и Општина Гази Баба, бр.08-7031/1 од 13.09.2023 година, утврден со Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, бр.08-1483/1 од 01.09.2023 година, донесена од Советот на Општина Чешиново - Облешево.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Општина Чешиново - Облешево.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-7224/5**
**од 28 септември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-7505/4**
**од 29 септември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 2, член 36 и 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (3) од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и "Службен весник на РСМ" бр.171/22), Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и втората седница одржана на 28 септември 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Во Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22 и 12/23), во точка "IV.Планирани активности" во потточка "13.Изработка на Елаборати за заштита на животната средина и Стратегиски оценки на влијанието врз животната средина" бројот "100.000,00" се заменува со бројот "**40.738,00**".

2 Во потточка "14. Изработка на физибилити студија со техничка документација за собирен центар за цврст отпад за општините Центар и Гази Баба и физибилити студија со техничка документација за управување и третман на биолошки отпад (компостирање)" бројот "300.000,00" се заменува со бројот "**359.262,00**".

3. По потточка "14. Изработка на физибилити студија со техничка документација за собирен центар за цврст отпад за општините Центар и Гази Баба и физибилити студија со техничка документација за управување и третман на биолошки отпад (компостирање)" се додава нова потточка 15 која гласи:

"15.Изработка и поставување на велосипедски паркинг држачи и изработка и поставување на сервисни станици за велосипеди.

Врз основа на Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2021 година донесена од Владата на РСМ со број 41-4908/5 од 06.06.2023 година ("Службен весник на РСМ" бр.12/23) за општина Гази Баба предвидени се средства во износ од 268.281,00 денари. Согласно Законот за животна средина за користење на овие средства потребно е да се достави предлог проект согласно Програмата и активностите за заштита на животната средина и природата усвоена и одобрена од Советот на општината.

За спроведување на оваа мерка се предвидуваат финансиски средства во износ од 268.281,00 денари."

4. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-7224/6**
**од 28 септември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СОБИРЕН ЦЕНТАР ЗА ЦВРСТ ОТПАД ЗА ОПШТИНИТЕ ГАЗИ БАБА И ЦЕНТАР И ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА БИОЛОШКИ ОТПАД (КОМПОСТИРАЊЕ)**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на физибилити студија со техничка документација за собирен центар за цврст отпад за општините Гази Баба и Центар и физибилити студија со техничка документација за управување и третман на биолошки отпад (компостирање), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-7505/5**
**од 29 септември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти - Фонд за техничка документација, во рамки на Проект: "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2", Советот на Општина Гази Баба на триесет и втората седница одржана на 28 септември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СОБИРЕН ЦЕНТАР ЗА ЦВРСТ ОТПАД ЗА ОПШТИНИТЕ ГАЗИ БАБА И ЦЕНТАР И ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА БИОЛОШКИ ОТПАД (КОМПОСТИРАЊЕ)**

**Член 1**

Во Одлуката за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на физибилити студија со техничка документација за собирен центар за цврст отпад за општините Гази Баба и Центар и физибилити студија со техничка документација за управување и третман на биолошки отпад (компостирање) ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.11/23), во членот 2 бројот "300.000,00" се заменува со бројот **"359.262,00"**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-7224/7**
**од 28 септември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ, УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ И УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за доделување стипендии на талентирани ученици, ученици спортисти и стипендии за ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 28 септември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-7505/6**
**од 29 септември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во согласност со Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22 и 12/23), Советот на Општина Гази Баба на триесет и втората седница одржана на 28 септември 2023 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ, УЧЕНИЦИ СПОРТИСТИ И УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува постапката за доделување стипендии на талентирани ученици, ученици спортисти и стипендии за ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба.

**Член 2**

(1) Износот на стипендијата изнесува 3.000,00 денари месечно без пресметан персонален данок. Персоналниот данок на стипендијата го пресметува и плаќа Општина Гази Баба.

(2) Стипендијата се исплаќа од први до петти во текот на месецот за претходниот месец, девет месеци непрекинато во текот на учебната година, почнувајќи од месец октомври од тековната календарска година заклучно со месец јуни од наредната календарска година.

(3) Стипендиите се исплаќаат од посебна Програма на Буџетот на Општина Гази Баба.

(4) Со Програмата од ставот (3) на овој член се определуваат средствата и бројот на талентираните ученици, учениците спортисти и ученици со посебни образовни потреби кои ќе добијат стипендија.

**Член 3**

(1) Општина Гази Баба доделува стипендии на талентираните ученици, учениците спортисти и ученици со посебни образовни потреби по барање на еден од родителите или старателите, врз основа на Јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на почетокот на учебната година на веб-страницата на Општина Гази Баба, доколку не е поинаку определено со овој правилник.

(3) Јавниот повик трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.

**Член 4**

(1) Барањата за стипендии на талентираните ученици, учениците спортисти и ученици со посебни образовни потреби се поднесуваат во архивата на Општина Гази Баба секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот.

(2) Барањата за стипендии на талентираните ученици, учениците спортисти и ученици со посебни образовни потреби се поднесуваат во затворен плик со назнака "Барање за стипендија за талентиран ученик" или "Барање за стипендија за ученик спортист" или "Барање за стипендија за ученици со посебни образовни потреби" на кој пишува "Не отворај".

## II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОБИВАЊЕ СТИПЕНДИИ

**Член 5**

(1) Право на стипендија може да остварат и повеќе ученици од едно семејство, доколку ги исполнуваат условите и критериумите утврдени со овој правилник.

(2) Доколку талентираните ученици, учениците спортисти или ученици со посебни образовни потреби добијат стипендија по овој правилник, не може да добијат финансиски средства од други јавни повици за стипендии за талентираните ученици, учениците спортисти и ученици со посебни образовни потреби на Општина Гази Баба.

**Член 6**

(1) Право на доделување стипендија на талентираните ученици и учениците спортисти има секој редовен ученик кој ги исполнува следниве услови:

(1.1) да е запишан во општинско основно училиште на подрачјето на Општина Гази Баба,

(1.2) да не прима друг кредит или стипендија од Општина Гази Баба или од друг давател, и

(1.3) да има континуирано одличен успех.

(2) Право на доделување на стипендија на ученик спортист, покрај условите од потточките (1.1) и (1.2) на овој член, треба да ги исполнува и следните дополнителни услови:

(2.1) да е член на здружение за спорт или индивидуален спортист, и

(2.2) да се бави активно со спорт.

**Член 7**

(1) Право на доделување стипендија на учениците со посебни образовни потреби има секој редовен ученик кој ги исполнува следниве услови:

(1.1)да е запишан во општинско основно училиште на подрачјето на Општина Гази Баба,

(1.2)да не прима друг кредит или стипендија од Општина Гази Баба или од друг давател,

(1.3)ноад и мислење од Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ),

(1.4)потврда (предлог) од училишен инклузивен тим за ученикот кој аплицира,

(1.5) освоени награди, признанија или пофалници од учество на натпревари и манифестации.

**Член 8**

(1) Со барањето за стипендија, талентираните ученици, учениците спортисти и учениците со посебни образовни потреби ги приложуваат следните документи:

(1.1) оригинал или копија од уверение за упис на тековната учебна година како редовен ученик,

(1.2) за сите полнолетни членови на семејството на ученикот да се достави потврда за висината на последната плата за вработените, за пензионерите последен чек од пензија, а за невработените лица потврда за невработенест од завод за вработување,

(1.3) нотарски заверена изјава за бројот на членовите на семејството и дека подносителот на барањето не прима стипендија или кредит од Општина Гази Баба или од друг давател.

(2) Со барањето за стипендија, учениците спортисти ги приложуваат и следните документи:

(2.1) оригинал или копија од тековна состојба на здружението за спорт издадена од Централниот регистар во кој членува односно спортува, и

(2.2) потврда дека ученикот спортист членува во здружението за спорт.

(3) Со барањето за стипендија, учениците со посебни образовни потреби ги приложуваат и следните документи:

(3.1)наод и мислење од Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ).

**Член 9**

Доделувањето на стипендии за талентирани ученици и ученици спортисти се врши врз основа на критериуми утврдени со овој правилник.

**Член 10**

(1) Критериумите за доделување стипендија за талентиран ученик се бодираат за успех во образование, материјално - социјалната положба на семејството и освоени награди на следниот начин:

(1.1) За успех во образованието се добиваат:

(1.1.1) 25 бодови за одличен успех со просечна оценка 5.00,

(1.1.2) 20 бодови за одличен успех,

(1.1.3) 15 бодови за многу добар успех,

(1.1.4) 10 бода за добар успех, и

(1.1.5) 5 бода за доволен успех.

(1.2) За материјалната и социјалната положба според основните приходи по член во семејството се добиваат:

(1.2.1) 25 бода за корисници на социјална помош,

(1.2.2) 20 бода до 3.000,00 денари по член во семејството,

(1.2.3) 15 бода до 5.000,00 денари по член во семејството,

(1.2.4) 10 бода до 7.000,00 денари по член во семејството, и

(1.2.5) 5 бода над 7.000,00 денари по член во семејството.

(1.3) За освоени награди се добиваат:

(1.3.1) 25 бода за освоени награди на меѓународни (поединечни) натпревари признаени од Министерството за образование и наука,

(1.3.2) 20 бода за освоени награди на државни (поединечни) натпревари признаени од Министерството за образование и наука,

(1.3.3) 15 бода за освоени награди на градски (поединечни) натпревари признаени од Министерството за образование и наука,

(1.3.4) 10 бода за освоени награди на општински (поединечни) натпревари признаени од Министерството за образование и наука,

(1.3.5) 5 бода за освоени награди на училишни (поединечни) натпревари признаени од Министерството за образование и наука.

(2) Вупниот број на освоени бодови за талентиран ученик претставува збирот на бодовите од став (1) точките (1.1), (1.2) и (1.3) на овој член.

**Член 11**

(1) Критериумите за доделување стипендија за ученик спортист се бодираат за успех во образованието и остварени спортски резултати во тековната учебна година:

(1.1) За успех во образованието се добиваат:

(1.1.1) 25 бодови за одличен успех со просечна оценка 5,00,

(1.1.2) 20 бодови за одличен успех,

(1.1.3) 15 бодови за многу добар успех,

(1.1.4) 10 бода за добар успех, и

(1.1.5) 5 бода за доволен успех.

(1.2) За спортски резултати се добиваат:

(1.2.1) 50 бодови за:

(1.2.1.1) државни репрезентативци во индивидуални спортови кои освоиле медали на светски првенства до 7-мо место,

(1.2.1.2) државни репрезентативци во екипни спортови кои освоиле медали на светски првенства и се пласирале во четвртфинале на клупско првенство,

(1.2.1.3) државни репрезентативци во индивидуални спортови кои освоиле медали на европско првенство, и

(1.2.1.4) државни репрезентативци во екипни спортови кои освоиле медали на европско првенство и се пласирале во четвртфинале на клупско првенство.

(1.2.2) 40 бодови за:

(1.2.2.1) државни репрезентативци во индивидуални и екипни спортови кои освоиле медали на Балканско првенство, и

(1.2.2.2) државни репрезентативци кои во други официјални натпревари поставиле државни рекорди,

(1.2.3) 30 бодови за:

(1.2.3.1) спортисти репрезентативци во индивидуални спортови кои освоиле првенство или КУП на Македонија, или меѓународен турнир од 1 (прво) до 3 (трето) место, и

(1.2.3.2) спортисти во екипни спортови кои освоиле првенство или КУП на Македонија, или меѓународен турнир од 1 (прво) до 3 (трето) место, прогласени за најдобри поединци.

(1.2.4) 20 бодови за спортисти во индивидуални и екипни спортови кои не освоиле првенство или КУП на Македонија но со резултатите кои ги постигнале, се стекнале со право на учество во меѓународни службени натпревари.

(1.2.5) 10 бодови за спортисти учесници во училишни спортски игри во организација на Општина Гази Баба во фудбал, кошарка, одбојка-девојчиња и пинг-понг кои се прогласени за најдобри поединци.

(2) Вупниот број на освоени бодови за ученик спортист претставува збирот на бодовите од став (1) точките (1.1) и (1.2) на овој член.

**Член 12**

(1) Критериумите за доделување стипендија за ученик со посебни образовни потреби се бодираат за успех во образование, материјално-социјалната положба на семејството и освоени награди, пофалници или признанија на следниот начин:

(1.1) За успех во образованието се добиваат:

(1.1.1) 25 бодови за одличен успех со просечна оценка 5.00,

(1.1.2) 20 бодови за одличен успех,

(1.1.3) 15 бодови за многу добар успех,

(1.1.4) 10 бода за добар успех, и

(1.1.5) 5 бода за доволен успех.

(1.2) За материјалната и социјалната положба според основните приходи по член во семејството се добиваат:

(1.2.1) 25 бода за корисници на социјална помош,

(1.2.2) 20 бода до 3.000,00 денари по член во семејството,

(1.2.3) 15 бода до 5.000,00 денари по член во семејството,

(1.2.4) 10 бода до 7.000,00 денари по член во семејството, и

(1.2.5) 5 бода над 7.000,00 денари по член во семејството.

(1.3) За освоени награди, пофалници или признанија се добиваат:

(1.3.1) од 1 до 3 награди, пофалиници или призинанија 5 бода,

(1.3.2) од 4 до 6 награди, пофалиници или призинанија 10 бода,

(1.3.3) од 7 до 9 награди, пофалиници или призинанија 15 бода,

(1.3.4) над 10 награди, пофалиници или призинанија 20 бода

(2) Вупниот број на освоени бодови за талентиран ученик претставува збирот на бодовите од став (1) точките (1.1), (1.2) и (1.3) на овој член.

## III. КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ

**Член 13**

(1) Изборот на талентираните ученици, учениците спортисти и ученици со посебни образовни потреби за доделување стипендии го врши Комисија составена од претседател и 5 (пет) члена.

(2) Претседателот и членовите на Комисијата ги именува и разрешува градоначалникот на Општина Гази Баба со решение.

(3) Комисијата работи на седници кои ги свикува претседателот на Комисијата кој се грижи за правилно работење на Комисијата.

(4) За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

(5) Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 14**

Комисијата ги врши следните работи и задачи:

(1) го распишува јавниот повик за прибирање барања за доделување стипендии на талентираните ученици, учениците спортисти и ученици со посебни образовни потреби,

(2) ги отвара и разгледува пристигнатите барања за стипендии без присуство на барателите и ги рангира според вкупниот број на освоени бодови, посебно за талентирани ученици, посебно за ученици спортисти и посебно за ученици со посебни образовни потреби,

(3) донесува Одлука за доделување на стипендии за талентираните ученици, учениците спортисти и ученици со посебни образовни потреби според бодовите врз основа на критериумите утврдени во овој правилник, која ја доставува до градоначалникот на Општина Гази Баба, и

(4) врши други работи и задачи по прашањата за кои е формирана.

**Член 15**

(1) Комисијата пристигнатите барања ги разгледува во рок од 5 (пет) дена по завршувањето на Јавниот повик.

(2) Некомплетните и ненавремено доставени барања, Комисијата нема да ги разгледува и за тоа ги известува барателите.

(3) Во случај на ист број на бодови предност има ученикот кој имал освоено повеќе бодови од успехот (просек на оцените до втора децимала).

(4) Комисијата го задржува правото доколку има повеќе подносители на барање со ист број бодови, да побара и дополнителна документација.

(5) Комисијата во рок од 3 (три) дена по завршувањето на постапката за избор на стипендисти Одлуката ја објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

**Член 16**

(1) Против одлуката на Комисијата, незадоволниот барател може да поднесе писмена жалба до градоначалникот на Општина Гази Баба преку Комисијата во архивата на Општина Гази Баба во рок од 5 (пет) дена од објавата на Одлуката на веб-страницата на Општина Гази Баба.

(2) По жалба решава градоначалникот. Неговата одлука е конечна.

**Член 17**

По конечноста на сите жалбени постапки, Одлуката за доделување стипендии за талентирани ученици, ученици спортисти и ученици со посебни образовни потреби, ја потпишува градоначалникот на Општина Гази Баба и се објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

**Член 18**

Во рок од 5 (пет) дена по објавата на Одлуката за доделување стипендии за талентирани ученици, ученици спортисти и ученици со посебни образовни потреби на веб-страницата на Општина Гази Баба, градоначалникот на Општина Гази Баба склучува договор за стипендирање, со еден од родителите или старателите на талентираниот ученик, ученикот спортист и ученикот со посебни образовни потреби со кој се уредуваат правата и обврските на родителот односно старателот на стипендистот и Општина Гази Баба.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Јавниот повик за тековната учебна година се објавува на почетокот на учебната година.

**Член 20**

Во тековната учебна година ќе се доделат средства за талентирани ученици, ученици спортисти и ученици со посебни образовни потреби колку што се предвидени во годишната програма за тековната година.

**Член 21**

(1) Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за доделување стипендии на талентирани ученици и ученици спортисти од Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.10/22).

(2) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-7224/8**
**од 28 септември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ФУДБАЛСКИ КЛУБ ВАРДАР АД СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на фудбалски клуб Вардар АД Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-7505/7**
**од 29 септември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 1 алинеја 2 и член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.14/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ФК Вардар АД Скопје, бр.18-6717/1 од 01.09.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на триесет и втората седница одржана на 28 септември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ФУДБАЛСКИ КЛУБ ВАРДАР АД СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба доделува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, за помош на фудбалски клуб Вардар АД Скопје, врз основа на барање бр.18-6717/1 од 01.09.2023 година.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат средства во износ од 250.000,00 денари, кои ќе се исплатат од средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, ставка 413 - постојана и тековна резерва.

**Член 3**

Средствата од членот 2 од оваа одлука се наменски и ќе се искористат за:

- Обезбедување на карантин за првиот тим на ФК Вардар;
- Обезбедување на опрема и реквизити за потребите на клубот;
- Обезбедување на исхрана, вода и друго за играчите; и
- Организација на натпревари.

**Член 4**

Одобрените средства да се уплатат на ФК Вардар АД Скопје со ЕДБ 4080012526200 и жиро сметка: 300000004102069 што се води во Комерцијална банка АД Скопје.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-7224/9**
**од 28 септември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАМЕРА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТЕН ПРОЕКТ - "ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"**

1. Се објавува Одлуката за намера за реализација на приоритетен проект - "Изградба на фекална канализација во населено место Гоце Делчев", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-7505/8**
**од 29 септември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, бр.41-6971/6 од 25 јули 2023 година ("Службен весник на РСМ" бр.166/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и втората седница одржана на 28 септември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА НАМЕРА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТЕН ПРОЕКТ - "ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува намерата за реализација на приоритетен проект - "Изградба на фекална канализација во населено место Гоце Делчев".

**Член 2**

Согласно Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, бр.41-6971/6 од 25 јули 2023 година ("Службен весник на РСМ" бр.166/23) за Општина Гази Баба се предвидени 513.959,00 евра.

**Член 3**

За реализација на проектот од членот 1 од оваа одлука, Општина Гази Баба превзема обврска за кофинансирање во износ кој ќе се утврди со посебна одлука на Советот на Општина Гази Баба.

Постапката за јавна набавка ќе ја спроведе Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-7224/10**
**од 28 септември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПИШУВАЊЕ ЈАВЕН ПОВИК ЗА СВИКУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА КОНСТИТУИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за распишување Јавен повик за свикување на иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-7505/9**
**од 29 септември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 17 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на РСМ" бр.10/20), член 46-б од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и и 9/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и втората седница одржана на 28 септември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА РАСПИШУВАЊЕ ЈАВЕН ПОВИК ЗА СВИКУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА КОНСТИТУИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба распишува Јавен повик за свикување на иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Гази Баба.

Јавниот повик го објавува Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Право да се пријават на Јавниот повик имаат жителите на Општина Гази Баба на возраст од 15-29 години, кои членуваат во младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

**Член 3**

Иницијативниот одбор е составен од 5 (пет) члена.

Првата седница на иницијативниот одбор ја свикува, отвора и со неа раководи највозрасниот од членовите на одборот.

Иницијативниот одбор распишува Јавен повик за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Гази Баба, во согласност со Законот за младинско учество и младински политики и Статутот на Општина Гази Баба, по принципот на транспарентност и јавност и ја свикува конститутивната седница на Локалното собрание на млади на Општина Гази Баба.

Мандатот на Иницијативниот одбор престанува со конституирањето на Локалното собрание на млади на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Јавниот повик се објавува на веб страницата на Општина Гази Баба и трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето.

**Член 5**

За спроведување на Јавниот повик од членот 1 од оваа одлука, Градоначалникот на Општина Гази Баба со решение формира Комисија составена од 5 (пет) члена.

Комисијата: го изготвува и објавува Јавниот повик од членот 1 од оваа одлука, врши прием и проверка на апликациите, утврдува листа на вкупно пријавени кандидати и предлага избор на членови на иницијативниот одбор до Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-7224/11**
**од 28 септември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ВО ВРСКА СО ИНВЕСТИЦИОНО, ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТ ЗА СПОРТ ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА "СПОРТСКА САЛА ПРИ ООУ ''НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ"**

1. Се објавува Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ ''Наум Наумовски - Борче'', што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-7505/10**
**од 29 септември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 17 и член 18, а во врска со член 16 став (2) алинеја 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на РМ" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и "Службен весник на РСМ" бр.153/19, 261/19, 89/22 и 65/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и втората седница одржана на 28 септември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ВО ВРСКА СО ИНВЕСТИЦИОНО, ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТ ЗА СПОРТ ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА "СПОРТСКА САЛА ПРИ ООУ "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ"**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба започнува постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче" (во натамошниот текст: договор за ЈПП).

Општина Гази Баба има потреба од реконструкција и модернизација на постоечката спортска сала согласно меѓународни стандарди, која ќе одговори на потребите на граѓаните и спортските клубови од Општина Гази Баба.

Постоечката спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче" се наоѓа во лоша состојба. Дополнително, Општина Гази Баба нема во сопственост објект кој исполнува меѓународни стандарди за одигрување на меѓународни натпревари.

Со оглед на тоа што Општина Гази Баба не располага со буџетски фискален капацитет кој може да обезбеди постигнување на овие цели, се пристапува преку договор за ЈПП да се реализира капитална инвестиција во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Цели кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за ЈПП се:

- Популаризација и унапредување на спортот на територијата на Општина Гази Баба;
- Подобрување на условите за одржување на тренинзи и спортски натпревари во Општина Гази Баба;
- Обезбедување на современ енергетски ефикасен објект, кој ќе ги исполнува современите стандарди кои треба да ги исполнуваат спортските сали во кои се одржуваат спортски натпревари;
- Овозможување на поголем број на жители на Општина Гази Баба да тренираат во спортската сала, како и подобрување на условите за тренинзи;
- Заштеда на финансиски средства на Општина Гази Баба преку користење на бенефициите од концептот на јавно приватно партнерство;
- Промовирање на потенцијалите за соработка помеѓу Општина Гази Баба и приватниот сектор, односно поттикнување на нови проекти на јавно приватно партнерство во иднина.

Покрај горенаведените цели, со реконструкција на спортската сала согласно меѓународно признаени стандарди, ќе се овозможи одржување и на други јавни настани со што ќе се разреши постоечкиот проблем од недостаток на објект во Општина Гази Баба за одржување на таков тип на настани.

**Член 3**

Предмет на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство е инвестиционо и тековното одржување на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче", како и користење и управување од страна на приватниот партнер кој ќе ја дизајнира, финансира и реализира реконструкцијата на објектот за период од 35 години.

**Член 4**

Проценетата вредност на договорот за ЈПП изнесува 308.700 евра согласно физибилити студија за оправданоста на доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче", бр.08-6141/2 од 20.09.2023 година.

**Член 5**

Договорот за ЈПП ќе се додели за временски период од 35 години согласно физибилити студија за оправданоста на доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче", бр.08-6141/2 од 20.09.2023 година, сметајќи од денот на неговото склучување.

**Член 6**

Постапката за доделување на договорот за ЈПП ќе се спроведе како отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи согласно Законот за јавните набавки.

Постапката за доделување на договорот за ЈПП ќе се спроведе во рок од 90 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука.

**Член 7**

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација изнесува 100 евра во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ на денот на уплатата на средствата.

**Член 8**

Постапката за доделување на договорот за ЈПП од член 3 од оваа одлука, ќе ја спроведе комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на ЈПП (во натамошниот текст: комисија), формирана од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Комисијата ќе треба да подготви тендерска документација, нацрт-договор, оглас за доделување на договор за воспоставување на ЈПП и истиот да го објави.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-7224/12**
**од 28 септември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-6780 ЗА КП 70 КО МАЏАРИ**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-6780 за КП 70 КО Маџари, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-7505/11**
**од 29 септември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21), член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и втората седница одржана на 28 септември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ УСОГЛАСИ НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КОЕ Е ИЗГРАДЕН БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-6780 ЗА КП 70 КО МАЏАРИ**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП1 бр.28-6780 од 10.03.2011 година од страна на лицата Сузана Талевска од Скопје, Мартина Талевска од Скопје, Борис Талевски од Скопје и Татјана Караева од Скопје, а се однесува на бесправните објекти, зграда бр.1 со намена семејна куќа и зграда бр. 2 со намена помошен објект, која се наоѓаат на КП 70 КО Маџари, ул."Благоја Стефковски" бр.2Б, Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект, заради вклопување на бесправно изградениот објект, согласно член 2 став (1) алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба, заради усогласување на намената на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект со намената на бесправниот објект, заради вклопување на бесправно изградениот објект во урбанистичко- планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-7224/13**
**од 28 септември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ТЕХНИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗВЕДБА НА ТЕРЦИЕРНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СТРАЧИНЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на предлог техничко решение за изведба на терциерна фекална канализациска мрежа во населено место Страчинци, Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-7505/12**
**од 29 септември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и втората седница одржана на 28 септември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ТЕХНИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗВЕДБА НА ТЕРЦИЕРНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СТРАЧИНЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Гази Баба го прифаќа предложеното техничко решение за изведба на терциерна фекална канализациска мрежа во населено место Страчинци, Општина Гази Баба и дава согласност на инвеститорот - Министерство за животна средина и просторно планирање да спроведе постапка за реализација на истото.

**Член 2**

Предложеното техничко решение произлегува од потребата за прифаќање на фекалните води од дополнителни домаќинства во населено место Страчинци, Општина Гази Баба, кои не се опфатени со основниот проект за изградба на фекална канализациска мрежа во населено место Страчинци, Општина Гази Баба.

Со предложеното техничко решение ќе се изгради дополнителна фекална канализациска мрежа со следните параметри:

- Крак 1-2, со должина од 96,98 метри;
- Крак 4-1, со должина од 160,80 метри;
- Крак 4-1-1, со должина од 21,32 метри;
- Крак 4-1-2, со должина од 26,60 метри;
- Крак 5-1, со должина од 100,73 метри;
- Крак 10-1, со должина од 162,03 метри;
- Крак 10-2, со должина од 215,70 метри;
- Крак 13-1, со должина од 265,63 метри;
- Крак 14-1, со должина од 157,25 метри.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-7224/14**
**од 28 септември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Статутарно-правна комисија**
**Бр.09-7515/2 од 02.10.2023 година**
С К О П Ј Е

По извршеното срамнување на изворниот текст на Одлуката за доделување на финансиски средства на фудбалски клуб Вардар АД Скопје, бр.09-7224/9 од 28.09.2023 година, донесена на триесет и втората седница седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 28.09.2023 година, поради погрешно наведени податоци во барањето бр.18-6717/1 од 01.09.2023 година, сторена е техничка грешка, поради што согласно член 123 став (1) алинеја 6 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, ја дава следната

**И С П Р А В К А**

1. Во насловот и текстот од одлуката стои: "Фудбалски клуб Вардар АД Скопје", треба да стои: "**Здружение за промоција на спортски активности 35 години Вардарци Скопје**".

2. Во членот 4 од одлуката стои: "ЕДБ 4080012526200 и жиро сметка: 300000004102069 што се води во Комерцијална банка АД Скопје", треба да стои:

**"ЕДБ 4057022560537 и жиро сметка: 000210075906950143 што се води во НЛБ Тутунска банка АД Скопје"**.

3. Оваа исправка ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.15/23 и станува составен дел на Одлуката за доделување на финансиски средства на фудбалски клуб Вардар АД Скопје, бр.09-7224/9 од 28.09.2023 година.

**СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА**

**Претседател,**
**м-р Иван Симоновски, с.р.**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/2310/15 од 06.09.2023 година
**СКОПЈЕ**

# ПОТВРДА

Согласно Член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр.32/20 и бр.111/23), се потврдува одобрување од урбанистички аспект на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А4.3 (семејни куќи за времен престој-викенд куќи) на КП 1993/1 и КП 1992/1 м.в. Каменица, КО Раштак, Општина Гази Баба-Скопје со тех.бр11-23/2023 од Јуни 2023 година и број на постапка во е-урбанизам 52195, а врз основа на Позитивно мислење од Комисија за урбанизам бр. 28-3/2310/12 од 28.07.2023 година

(се наведува видот на документацијата и технички број)

изработен од Друштво за геодетски работи, трговија и услуги
“ГЕО БАЛКАН” увоз-извоз ДООЕЛ Битола
(се наведува изработувачот на документацијата)

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план
(се наведува видот на документацијата)

со барање бр. 11-23/2023 од 10.05.2023 година
(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

ГРАДОНАЧАЛНИК

Бобан Стефковски

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/3171/10 од 06.09.2023 година
**СКОПЈЕ**

# ПОТВРДА

Согласно Член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр.32/20 и бр.111/23), се потврдува одобрување од урбанистички аспект на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 -Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1MW, на КП 320/21, КО Трубарево, Општина Гази Баба-Скопје, со тех. број 01-01/23 од Јули 2023 година и број на постапка во е-урбанизам 53625, а врз основа на Позитивно мислење од Комисија за урбанизам бр. 28-3/3171/6 од 04.08.2023 година

(се наведува видот на документацијата и технички број)

изработен од Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг "ЧИП ГРОУП" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

(се наведува изработувачот на документацијата)

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план

(се наведува видот на документацијата)

со барање бр. 09-247/1 од 11.07.2023 година

(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

ГРАДОНАЧАЛНИК

Бобан Стефковски

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2024 година . . . . . . . . . . 2

**ОДЛУКА** за давање согласност на Предлог - Годишен план за вработување на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за 2024 година . . . . . . . . . . 4

**ОДЛУКА** за неприфаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чешиново - Облешево . . . . . . . . . . 6

**ПРОГРАМА** за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година . . . . . . . . . . 8

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на физибилити студија со техничка документација за собирен центар за цврст отпад за општините Гази Баба и Центар и физибилити студија со техничка документација за управување и третман на биолошки отпад (компостирање) . . . . . . . . 10

**ПРАВИЛНИК** за доделување стипендии на талентирани ученици, ученици спортисти и стипендии за ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба . . . . . . . . . . 12

**ОДЛУКА** за доделување на финансиски средства на фудбалски клуб Вардар АД Скопје . . . . . . . . . . 19

**ОДЛУКА** за намера за реализација на приоритетен проект - "Изградба на фекална канализација во населено место Гоце Делчев" . . . . . . . . . . 21

**ОДЛУКА** за распишување Јавен повик за свикување на иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . 23

**ОДЛУКА** за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство во врска со инвестиционо, тековното одржување и користење на објект за спорт од локално значење во сопственост на Општина Гази Баба "Спортска сала при ООУ "Наум Наумовски - Борче" . . . . . . . . . . 26

**ОДЛУКА** за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-6780 за КП 70 КО Маџари . . . . . . . . . . 29

**ОДЛУКА** за прифаќање на предлог техничко решение за изведба на терциерна фекална канализациска мрежа во населено место Страчинци, Општина Гази Баба . . . . . . . . . . 31

**ИСПРАВКА** на Одлуката за доделување на финансиски средства на фудбалски клуб Вардар АД Скопје; . . . . . . 32

**ОБЈАВИ** од сектор за урбанизам и градежно земјиште . . . . . . . . . . 33



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 15/23**
**32 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ